ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА
ЗА КАНДИДАТИ ВРАБОТЕНИ ВО ПЗУ , НЕВРАБОТЕНИ И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

За докажување на исполнетост на условите за одобрување на специјализација, кандидатот треба да достави:

1. ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ:

- Фотокопија од Уверение со оценки за завршен факултет заверена на нотар;
- Фотокопија од диплома за завршен факултет заверена на нотар (или потврда дека издавањето е во тек);
- Фотокопија од Уверение за положен стручен испит заверена на нотар ;
- Фотокопија од Лиценца за работа од комора (или потврда дека издавањето е во тек) заверена на нотар;
- Уверение за државјанство или Фотокопија заверена на нотар;
- Фотокопија на М1/М2 образец (за вработени);
- Пријава со таксена марка 50 ден. (Пријавата може да го најдете на web страната на Стоматолошкиот факултет во Скопје - www.stomfak.ukim.edu.mk) .

2. *ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ за кандидати кои завршиле студии или приправнички стаж во* странство:

- Фотокопија од Решение за признавање на стекната високообразовна квалификација во странство (нострификација на диплома) издадено од Министерството за образование и наука на РСМ , заверена на нотар и превод на дипломата и уверението;
- Фотокопија од документ за еквиваленција на оценки издадена од Министерството за образование и наука на РСМ со одреден просек , заверена на нотар,
- Фотокопија од Решение за признавање приправничкиот стаж и положен стручен испит во странство издадено од Стоматолошка комора на Македонија, заверено на нотар.

3. ДРУГИ ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

За докажување на исполнетост на критериумите за селекција кои кандидатот треба да ги достави:

- За докажување дека кандидатот завршил втор или трет циклус студии : фотокопија од диплома за завршени студии / уверение за завршени студии, заверено на нотар ;
- за докажување дека кандидатот е запишан на втор или трет циклус на студии: потврда издадена од Факултетот каде е запишан и копија од индекс заверена на нотар од првите две страни;
- за докажување на познавање еден странски јазик кандидатот треба да достави: сертификат од Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески,, или меѓународно признат сертификат кој не треба да биде постар од 2 години од денот на издавањето;
- за докажување на работен стаж – потврда за работен стаж со наведен временски период над две години во јавна или приватна стоматолошка здравствена установа – ординација издадена од Агенција за вработување на Република Северна Македонија.

Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Стоматолошки факултет - Скопје